Бр. 12-650/4
20-09-2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од подносителот --------- -------------, Државната комисија за спречување на корупцијата на 22-та седница одржана на ден 17.09.2019 година ја донесе следната

**Одлука**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметот со број 12- 650 од 2019 година, оформен по пријава број 12- 650/1 од 21.02.2019 година, поднесена од подносителот --------- -------------, со наводи за неправилно работење на една здравствена установа во која лицето било ангажирано на работа по основ на договор на дело.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 12- 650/1 од 21.02.2019 година.

Предметот со број 12- 650/1 од 21.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 650 од година е оформен врз основа на добиена пријава со број 12- 650/1 од 21.02.2019 година, доставена на електронската пошта на ДКСК од подносителот --------- -------------.

Добиената пријава содржи наводи за неправилно работење на една здравствена установа во која лицето било ангажирано на работа по основ на договор на дело.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од подносителот на пријавата да достави дополнителни податоци и информации во врска со предметниот случај и да даде појаснување во врска со предметните наводи,


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

бидејќи од доставената пријава не може да се увиди за која точно здравствена установа станува збор и за која постапка за вработување во истата установа.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во случајот не се добиени дополнителните податоци и информации побарани од подносителот на пријавата по што, оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 12 - 650/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**м-р Владимир Георгиев**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk